РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БОГДАНЦИ
Градоначалник на Општината
Бр. 09-1969/1
20.10 2022 год.
БОГДАНЦИ

Врз основа на член 41 став 1 точка 14 а во врска со член 16 став 1 точка 5 од Статутот на Општина Богданци („Службен гласник на Општина Богданци“ бр.04/05, 04/11, 04/15, 09/19, 02/20 и 11/21), Градоначалникот на Општина Богданци објавува

# ЈАВЕН ПОВИК

## за финансирање на културните активности од Буџетот на Општина Богданци за 2023 година

Право на учество имаат здруженија на граѓани и други правни и физички лица од областа на културата кои делуваат на територијата на Општина Богданци.

Здруженијата на граѓани и другите правни и физички лица кои учествуваат на овој повик потребно е :

- да придонесат за збогатување на културниот живот во општината;
- да придонесат за зачувување и афирмирање на материјалното и духовното културно наследство на општина Богданци;
- да го поттикнат и афирмираат културното творештво на младите уметници;
- да се грижат за унапредување на стручната работа и усовршување на стручните кадри;
- да обезбедат континуитет на традиционалните културно уметнички манифестации кои се од локален карактер.

Потребна документација која здруженијата на граѓани и други правни и физички лица од областа на културата треба да ја достават:

- Документација од извршена регистрација на субјектот- за здруженија на граѓани и правни лица (копија од тековна состојба);
- Годишна програма за работа за 2023 година или План за активности за 2023 година;
- Извештај за потрошените средства добиени од Општина Богданци за 2022 година (до денот на поднесување на пријавата);

Рок и начин на доставување на пријавите

Крајниот рок за поднесување на пријавите е **11.11.2022 година (петок) до 16 часот.**

Пријавата со целокупната документација треба да се достави во архивата на општина Богданци или преку пошта на адреса: Општина Богданци, ул.„Маршал Тито“ бр.62, 1484 Богданци со назнака **„за финансирање на активности од областа на културата за 2023 година“.**

Резултатите од јавниот повик ќе бидат објавени во Програмата за финансирање на културните активности во општина Богданци за 2023 година која ја донесува Советот на општината на крајот од годината и истата се објавува во „Службен гласник на Општина Богданци“ и на веб страницата на Општина Богданци, www.bogdanci.gov.mk .

**Градоначалник**
**на Општина Богданци**
**Блаже Шапов**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ГРАДОНАЧАЛНИК
ОПШТИНА БОГДАНЦИ